# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на НРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 8 февруари 1963
Скопје
Број 4 Год. XIX

Претплатата за 1963 год. изнесува 1.800 дин. Овој број чини 32 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.

15.

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН ЗА СТОПАНСКИОТ РАЗВИТОК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1963 ГОДИНА

На основа член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија се прогласува Општествениот план за стопанскиот развиток на Народна Република Македонија за 1963 година, што Народното собрание на Народна Република Македонија го усвои на седницата на Републичкиот собор, одржана на 1 февруари 1963 година и на седницата на Соборот на производителите, одржана на 1 февруари 1963 година.

У бр. 1
1 февруари 1963 година
Скопје

Претседател на Народното собрание, **Љупчо Арсов,** с. р.

Претседател на Извршниот совет, **Александар Грличков,** с. р.

## ОПШТЕСТВЕН ПЛАН ЗА СТОПАНСКИОТ РАЗВИТОК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1963 ГОДИНА

### ДЕЛ ПРВИ

### ЕКОНОМСКИ И ОПШТЕСТВЕНИ УСЛОВИ ЗА РАЗВИТОКОТ НА СТОПАНСТВОТО ВО 1963 ГОДИНА

#### Глава I

#### НАСОКИ И УСЛОВИ ЗА СТОПАНСКИОТ РАЗВИТОК ВО 1963 ГОДИНА

Целите и насоките на економската политика за 1963 година што се утврдуваат со овој план базираат на условите за стопанисување, што се создадени во досегашниот развиток и нивото на производните сили, на развитокот и движењата на стопанството остварени во минатата година, како и на економските претпоставки и насоките утврдени со Сојузниот општествен план за 1963 година.

Досегашниот развиток на материјалните производни сили и општествените односи овозможија да се прошири производната и општествената основа на нашето стопанство, да се оствари понатамошен развиток на производните сили во сите стопански области, пораст на општествениот производ и националниот доход и зголемување на животниот стандард на населението.

Развитокот и усовршувањата на стопанскиот систем, што се остварени во изминатите неколку години, а особено во последните две години, овозможија повеќе да се развие творечката иницијатива на непосредните производители и трудбеничките маси, нивно поголемо учество во одредувањето и реализацијата на стопанската политика и во врска со тоа се создадоа услови побрзо да се развива нивниот непосреден интерес за порационално и поефикасно работење во управувањето со општествените средства и нивното ползување.

Порастот на производните фондови на стопанството, запосленоста, зголемувањето на продуктивноста на трудот создаваат материјални услови за понатамошен пораст на производството во сите области, а со тоа и услови за понатамошен развој на општествените односи.

Активирањето на сите овие потенцијални материјални и субјективни фактори ќе придонесе за остварување на поголем пораст на материјалното производство, развивање и зацврстување на системот на општественото самоуправување и социјалистичките односи во целина.

Стопанските движења во текот на 1962 година укажаа на низа латентни проблеми во нашето стопанство коишто наложија да се преземат опсежни мерки да се изврши консолидација на стопанството и поттик за забрзување на порастот на стопанската активност.

Работата и заклучоците на Извршниот комитет и IV пленум на ЦК СКЈ и VI пленум на ЦК СКМ овозможија појасно да се согледаат актуелните проблеми на стопанскиот развој, да се утврдат основните насоки на стопанската политика за наредниот период и да се поттикне широка општествено-политичка, стопанска и организациона активност.

Врз база на поставките и заклучоците на пленумите се разви општествена и политичка активност на организациите на Сојузот на комунистите, Социјалистичкиот сојуз, Сојузот на синдикатите, активност на стопанските комори, здруженијата и заедниците, органите на општините, околиите, републичките и сојузните органи, што овозможи уште во текот на 1962 година да се преземаат повеќе мерки што доведоа до отстранување на разни недостатоци и слабости и оживување на стопанската активност.

Во стопанските организации е извршена мобилизација на работните колективи, остварено е поголемо залагање во работата, согледување на теш-

котиите и бирање патишта за решавање на проблемите.

По остварувањето, во почетокот на годината, висока стопа на порастот на индустријата, од средината на годината доаѓа до успорување на тој пораст, но стопанската активност во целина се зголемува, така што се смета дека ќе се оствари норма на порастот на вкупното производство од 8,7%. Зголемувањето на активноста особено беше поосетно во инвестиционата изградба, извозот и намалувањето на залихите.

Изработката на планските насоки и пропорции за 1963 година е вршена врз база на истражувањето на клучните проблеми што условија успорување на стопанскиот развој во соработка и контактирање со сите органи на Стопанската комора, Сојузот на синдикатите, народните одбори, како и во тесна соработка на органите на Извршниот совет и Републичкиот завод за стопанско планирање.

Обемните истражувања и проучувања на одделни проблеми на стопанскиот развиток и понатамошното усовршување на стопанскиот систем, што се вршени во рамките на целата заедница, овозможија пореално да се согледаат правците на развојот и да се утврдат појасно насоките во стопанската политика, кон поголема интеграција во југословенското стопанство, постабилни односи на пазарот, за што поскоро активирање на латентните резерви во производните капацитети и работниот фонд, што поефикасно остварување на задачите во инвестиционата изградба и порастот на личната потрошувачка.

Со Сојузниот општествен план за 1963 година се преземаат мерки да се почне со постепено решавање на одделни проблеми и се настојува поцелосно да се насочуваат и регулираат јазолните точки за стабилност во растежот на материјалните производни сили, како и дадени се најостри насоки за донесување мерки и прописи во текот на 1963 година за воспоставување на оптимални услови за стопанисување, насоки и нормативни рамки во коишто треба да се одвива стопанската активност, а особено во следните области:

1. За понатамошно подобрување на условите за стопанисување на стопанските организации, ќе се изградуваат и дополнуваат инструментите на стопанскиот систем, одделните инструменти и мерки, методи за планирање и спроведување на економската политика коишто не се во согласност со основните интенции на стопанскиот систем.

Извршниот совет има обврска да обезбеди постојано следење на дејството на одделните инструменти и мерки, да предлага измени на тие инструменти и мерки за остварување на што поповолни услови за стопанисување.

Со цел понатамо да се усовршува стопанскиот систем и да се создаваат поповолни и уедначени услови за стопанисување, со планот и со други прописи ќе се продолжи со мерките за стабилизација на пазарот и цените; ќе се усовршуваат начелата и примената на општите критериуми за распоределба на чистиот приход, заради обезбедување на принципот за распоределба според трудот; ќе се спроведе ревалоризацијата на основните средства и ќе се промени режимот на амортизацијата; ќе се извршат измени во системот на финансирањето на инвестициите; ќе се обезбедат услови за поголема деловност на банките и кредитирање на стопанството; ќе се подобри начинот на расподелбата на странските средства за плаќање; со економски мерки и промени во прописите ќе се поттикнува здружувањето и интеграцијата; ќе се преземаат и други мерки што треба да придонесат во создавањето на поповолни услови за стопанисување.

2. Ќе се настојува да се обезбеди и зачува стабилноста на пазарот како еден од битните предуслови за нормално стопанисување во наредната година. Куповните и стоковните фондови се избилансирани и даваат реални услови за нормално работење на стопанските организации и можности за извоз. Со општествените материјални резерви и другите мерки што треба да ги преземат Федерацијата и народните републики ќе се обезбедува стабилноста на пазарот и ќе се спречи зголемувањето на трошоците за живот.

Извршниот совет и неговите органи и народните одбори на општините ќе треба да преземат мерки за нормално снабдување на градското население со земјоделски производи. За таа цел особено е важно да се врши преддоговарање за земјоделските производи и да се врши интервенција од постојните и нови фондови за ризикот и со слични мерки.

За да се отстрани негативното дејство на зголемување на цените, републичките и локалните органи ќе продолжат со следењето и контролата на цените на пазарот за да се сопре евентуално неоправданото подигање на цените, што би можело да влијае врз животниот стандард на трудбениците. Посебно треба да се води грижа, промените во цените што ќе се вршат за исправање на некои диспаритети на цените, да не доведат до промени во цените на финалните производи.

Стопанските организации во своите планови, во тековните калкулации се должни да водат сметка за потребата од трајна стабилност на пазарот и цените.

3. Стопанските организации треба да продолжат со усовршувањето на односите во расподелбата на чистиот приход и личните доходи. Заради тоа треба да ги усовршуваат основите и мерилата на расподелбата во своите правилници, за што подоследна расподелба според трудот, која ќе го поттикнува подигањето на продуктивноста на трудот.

За таа цел треба да се настојува да се воведуваат и применуваат такви облици на расподелбата што ќе претставуваат што понепосредно учество на работниците во управувањето.

Претставничките тела и другите општествени органи и организации, со поусовршени методи на општествено влијание треба да им укажат помош на работните колективи за што поправилна расподелба на чистиот приход и личните доходи.

4. Ревалоризацијата на основните средства ќе се спроведе од јануари 1963 година во целото стопанство, освен во електростопанството.

Во текот на 1963 година ќе се преминува постепено на функционална амортизација и ќе се вршат подготовки за примена на забрзана амортизација.

Со ревалоризацијата на основните средства се создаваат услови за обезбедување на поголеми средства за амортизација и знатно се подобрува положбата и можностите за побрза и поефикасна замена на средствата.

Во врска со ова нужно е во стопанските организации и општините да се испита дејството на ревалоризацијата и да се извршат подготовки за отстранување на последиците од нејзината примена, со модернизација и техничко усовршување на производствените процеси и погоните.

Извршниот совет и неговите органи, народните одбори на околиите и општините ќе ја испитаат положбата на стопанските организации, кои во новите услови не ќе можат да вршат отпис на ревалоризираната вредност на основните средства и ќе им укажат соодветна помош преку кредити за реконструкција и модернизација за отстранување на таквата положба.

5. Извршниот совет ќе ги следи и проучува проблемите што настануваат во стопанските организации како резултат на преминот во пресметувањето од фактурирана на наплатена реализација и ќе предлага мерки за отстранување на слабостите, што во предниот период можат да ги доведат одделните стопански организации во финансиски тешкотии, а кои би можеле негативно да се одразат врз обемот на производството и зголемувањето на извозот.

6. Во системот на инвестирањето се врши понатамошна децентрализација и битно се менува улогата на Општиот инвестиционен фонд. Општиот инвестиционен фонд ќе учествува во финансирањето само во оние намени и гранки кои ги обезбедуваат основните правци на стопанскиот развој. Децентрализацијата во системот на инвестирањето треба да доведе до понатамошно зголемување на ефикасноста на инвестирањето, зголемување на одговорноста на републиките и локалните органи и органите на управувањето на стопанските организации за рационална и оптимална употреба на средствата за инвестиции со коишто располагаат.

Во врска со тоа треба да се извршат преиспитувања за инвестиционата изградба што е во тек и инвестиционата политика на Републиката, народните одбори и стопанските организации и да се насочат средствата кон остварување на инвестиционата програма којашто ќе биде во склопот на насоките и пропорциите на југословенското стопанство и ќе ги ползува најефикасно расположивите средства.

За таа цел треба да се проучи проблемот за мобилноста и здружувањето на средствата. Извршниот совет, народните одбори и нивните органи треба да ги испитаат можностите и во рамките на своите надлежности да предложат и спроведат мерки и препораки за поефикасна употреба и поголема мобилност на средствата.

7. Кредитно-паричната политика на Федерацијата, која произлегува од целите и задачите поставени со планот, треба да овозможи подобро користење на материјалните можности за пораст на производството и подобра усогласеност помеѓу производството, потрошувачката, инвестициите и надворешната трговија. Со кредитно-паричната политика ќе се стимулираат позитивните иницијативи на стопанските организации што се во согласност со насоките на планот.

Кредитно-паричната политика на Републиката и другите политичко-територијални единици треба да ја следи политиката на Федерацијата, така што целиот кредитен механизам да дејствува како складна целина со сообразување на средствата на своите општествени инвестициони фондови, кредитните фондови и банкарските средства на републичките и комуналните банки.

Деловните банки треба да овозможат благовремено одобрување на кредити на оние стопански организации кои своето работење го вршат економично, рационално и рентабилно, како и на стопанските организации кои уредно ја остваруваат реализацијата на стоката и извршените услуги. Со кредитната политика стопанските организации да се поттикнуваат кон поголема деловна активност, особено во случаите кога со мали вложувања во покус временски период се овозможува остварување на зголемено стоковно производство за извоз или производство на стока за која постои зголемена побарувачка на домашниот пазар.

Кредитирањето на прометот на стока помеѓу производителите и трговијата и обратно, деловните банки ќе го вршат врз основа на стварно извршената продажба или врз основа на докази за можностите за продажба на стоката и тоа доколку стопанската организација исполнува одредени услови.

Деловните банки не треба да ја кредитираат извршената продажба на стока на купувачите — крајните корисници (инвеститори, буџет и сл.).

При спроведувањето на кредитно-паричната политика, деловните банки ќе се придржуваат кон условите и конкретните мерки на кредитната политика за 1963 година што ќе биде содржана во општиот кредитен биланс на ФНРЈ и во кредитниот биланс на НР Македонија.

8. Зголемувањето на извозот претставува една од најважните задачи што се поставува со Сојузниот општествен план за 1963 година и тоа треба да претставува една од важните алки во забрзувањето на производството. За таа цел ќе се донесат прописи и ќе се преземат мерки за понатамошно усовршување на девизниот режим. Ќе се преземат мерки за давање поттик на стопанските организации за зголемување на извозот, постојано ќе се подобрува инструментариумот на надворешно-трговскиот режим, ќе се дополнува и усовршува системот на расподелбата на странските средства за плаќање и други видови на стимулација. Потребно е и понатаму да се оспособуваат стопанските организации што можат да извезуваат. За таа цел ќе бидат донесени мерки и прописи за подобро користење на девизните средства од страна на стопанските организации што ги оствариле. Во Општиот инвестиционен фонд се предвидени одделни средства за инвестиции што би можеле да го зголемат извозот.

Стопанските организации во НР Македонија треба да ги зголемат своите можности за вклучување во оваа политика на нашата заедница. За таа цел ќе биде нужно постојано да се модернизираат постојните погони, да се пригодува асортиманот и квалитетот на стоките за надворешниот пазар, да се оспособуваат за конкурентски односи на надворешниот пазар, да извршат поголеми и пошироки испитувања на надворешниот пазар.

Стопанските организации што се занимаваат со надворешна трговија, како и стопанските организации што произведуваат за извоз, треба да остваруваат потесни врски, соработка, кооперација и разни видови интеграција помеѓу себе и со сличните стопански организации од другите подрачја од Југославија за изнајдување можности и патишта за зголемување на извозот.

9. Процесот на интеграциите треба да се поттикнува и потпомага. Потребно е да се создаваат услови за модернизација на стопанските организации и можности за големо сериско производство, врз база на специјализација и кооперација, со цел да се поевтини производството, прометот итн.

Стопанските организации, ползувајќи повеќе видови интеграција, треба да настојуваат што повеќе да се вклучат во југословенското стопанство и на тој начин да остварат забрзан процес на подигање на стопанството на повисок ниво.

10. Економско-политичките насоки што се утврдени со Сојузниот општествен план за 1963 година и со овој план треба да бидат основа за изработка на плановите на околиите, општините и стопанските организации.

## ДЕЛ ВТОРИ

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА СТОПАНСКАТА ПОЛИТИКА ЗА 1963 ГОДИНА

Врз база на насоките и економско-политичките цели, мерките и инструментите што се преземени со Сојузниот општествен план и што ќе се донесат врз него, анализите што се вршени во Извршниот совет, Заводот за стопанско планирање и другите стручни органи и установи, Народното собрание на Народна Република Македонија ги утврдува следните основни насоки, цели и задачи на економската политика за 1963 година:

### Глава II

### ПРОИЗВОДСТВО

1. Анализите и дискусиите што се вршени во текот на подготовката на планот покажуваат дека е можно и потребно да се оствари норма на порастот на општествениот бруто производ од околу 11%. Реалноста на ваквото предвидување е базирана, од една страна, на постојните капацитети во индустријата, и земјоделството и на предвиденото зголемување на снабденоста со домашни и увозни репродукциони материјали, а од друга страна на поповолните околности за пласман на стоките на домашниот и надворешниот пазар. Остварувањето на ваква задача во голема мера е зависно и од можностите на производните капацитети да се приспособат кон барањата на пазарот.

Треба да се настојува индустриското и земјоделското производство, како и инвестиционата изградба да се остварат и во поголем обем доколку се остварат поповолни услови во стопанските движења во целина во земјата.

Во текот на остварувањето на планот потребно е со мерките на тековната економска политика да се обезбедуваат оние нужни рамки што ќе овозможат побрза и подоследна реализација на поставените цели и за подобро искористување на потенцијалните латентни резерви во капацитетите и работниот фонд.

За обезбедување на подобри резултати во стопанисувањето во 1963 година ќе постојат подобри услови со усовршувањето на стопанскиот систем. Републиката, народните одбори и стопанските организации треба да преземат мерки, од својот делокруг, да се создадат подобри услови за што подоследно дејство на системот, поголема стабилност во условите за стопанисувањето, што подобро искористување на општествените средства за производство, зголемување на продуктивноста на трудот и смалување на трошоците на производството. Одделно е важно да се помага и поттикнува организационото зацврстување на потесните работни единици и што подоследното спроведување на расподелбата според трудот.

2. Индустриското производство во 1963 година има можности да оствари понатамошен пораст. При ова постојат реални услови стопата на порастот да биде релативно повисока од таа што се цени да се оствари во 1962 година. Зголемувањето на производството може да се оствари врз постојните капацитети во индустријата, очекуваниот пораст и порамномерното снабдување со основните репродукциони материјали од домашниот и странскиот пазар, покачувањето на куповните фондови и понатамошниот забрзан пораст на извозот на индустриски стоки.

Физичкиот обем на производството има можност да биде покачен за 11%. Во овие рамки обемот на производството особено би требало да се покачи во црната металургија и да достигне пораст за 52,6%, неметалната за 12,5%, електроиндустријата за 15,2%, хемиската индустрија за 25,1%, градежната за 21,9%, дрвната за 11,9%, гумарската за 54,9%, прехранбената за 10,7% и тутунската индустрија за 44,2%.

Понатамошниот пораст и развитокот на индустријата во 1963 година, зависи од следните поважни фактори и задачи:

— од зголемувањето степенот на користењето на постојните капацитети во индустријата. Овој елемент во 1963 година претставува решавачки фактор за развој на производството. Затоа е потребно благовремено да се извршат сите нужни подготовки со цел да се постигне максимално и ефикасно искористување на основните средства и работниот фонд, смалување времето на производството на недовршените производи односно забрзување на процесот на производството и друго;

— од предвиденото зголемување на извозот на индустриските стоки преку проширување асорти-

манот на индустриските производи, подобрување квалитетот на производите и извоз во повеќе земји. При општа стопа на порастот на индустриското производство од 11%, порастот на извозот на индустриските стоки треба да достигне 37,8% без извозот на тутун;

— од изучувањето на потребите и условите на домашниот и странскиот пазар и преориентацијата на производството кон потребите на пазарот, обезбедувањето пониски трошоци во производството, сведувањето залихите на готовите производи и материјалите на нормално ниво и ликвидирањето на релативно високите побарувања;

— од обезбедувањето на посистемно снабдување на индустријата со суровини и репродукционен материјал од домашни извори и странство. Снабдувањето од домашни извори треба да се базира врз поцврсти договорни односи помеѓу индустриските претпријатија и земјоделските производители и поширокатa интеграција помеѓу нив. За снабдување со суровини од странство ќе биде од голема важност можноста на индустријата да се вклучи во југословенските биланси на увоз на вакви стоки, а особено преку извозот што ќе го остварат самите стопански организации;

— стопанските организации, напоредно ќе треба што повеќе да го модернизираат производството, покачувајќи го општиот работен учинок, да изнаоѓаат и стапуваат во погодни и економско-оправдани форми на кооперирање и интеграција на производството со цел да се дојде до проширување на специјализацијата и целосно искористување на материјалните можности во стопанските организации. За оваа цел пошироко треба да се користи амортизацијата, која по ревалоризацијата ќе биде поголема;

— меѓу поважните задачи што се од важност за развојот на индустријата е и редовното извршување на инвестиционата изградба по веќе заклучените инвестициони заеми. За редовното изведување на инвестиционите работи ќе остане и понатаму потреба од благовремено обезбедување на потребните понуди и заклучување договори за испорака на опремата. Зависно од положбата и тешкотиите околу набавката на увозната опрема, со кој проблем по сé ќе биде проследена градбата и во 1963 година, од голем значај е благовремено искористување можноста за замена на увозната со домашна опрема или изнаоѓање испорачители во земјите каде што може да се изврши брза реализација на увозот. Со заклучувањето на инвестиционите заеми создадени се подобри услови, инвеститорите да преземаат и други организациони мерки што можат да обезбедат поефикасно извршување на програмата на инвестициите.

3. Расположивите капацитети во земјоделството и постојните економски услови, со просечно родна година, овозможуваат во 1963 година да се постигне скоро иста стопа на порастот како и во 1962 година. Се оценува во 1963 година дека ќе се постигне пораст од околу 8% во однос на 1962 година, со кое земјоделството ќе има позасилен развој отколку во последниве три години. Во општествениот сектор се очекува производството да се покачи за околу 15%, а во приватниот сектор заедно со кооперацијата за околу 6%.

Потребно е да се вложат поголеми напори во општествениот сектор, особено за зголемување производството на месо, млеко, јајца и живина, коишто се особено дефицитарни во снабдувањето на населението. Една од основните задачи во земјоделството, а посебно во општествениот сектор, претставува зголемувањето на сточниот фонд преку запазување на подмладокот и обезбедување услови за поголемо производство на сточни производи.

Подобрувањето економската положба на земјоделството, којашто произлезе како резултат на преземените мерки во 1961 и 1962 година, треба да дојде до уште поголем израз во 1963 година во поголемата заинтересираност и ориентација на земјоделските производни организации за подобро користење на производните средства и воведување на современа технологија. Подобрите економски услови овозможуваат поголема заинтересираност и кај индивидуалните производители за зголемување на производството и кооперација со земјоделските организации, со што треба да се прошири примената на современата технологија.

Оценката за порастот на производството во општествениот сектор, покрај другото е базирана и на следните околности: зголемување на откупните цени, овозможување на поголема сигурност во пласманот и ориентација на порентабилно производство на зеленчук, овошје и грозје со договарање на испораката по однапред утврдени цени, проширување на обработливите површини со откуп, закуп и други форми, стапување на род на нови овошни и лозови насади итн. Задржувањето на цените на поважните репродукциони материјали (вештачки ѓубрива, гориво и мазиво) на исто ниво при зголемени цени на земјоделските производи, треба да доведе до поширока примена на современата технологија односно до поголема употреба на вештачки ѓубрива, средства за заштита, квалитетни семиња и други современи средства за производство.

Земјоделските организации треба да остварат поефикасно искористување на општествените средства за производство — механизација, насади, мелиоративни системи. Ова е едновремено и интерес на заедницата и економска нужност на самите организации за поголема продуктивност, економичност, зголемување на личните доходи, создавање фондови и ефикасно стопанисување воопшто. Со тоа ќе се создадат услови и за понатамошно ширење на опременоста на организациите.

Зголемувањето на производството во општествениот сектор треба да се постигне со поактивен однос на земјоделските организации кон понатамошна модернизација на производството, развивање постимулативна расподелба на личните доходи, јакнење на економските единици, подобрување на организацијата на работата, покачување продуктивноста на трудот и отстранување на слабостите во раководењето и работењето. За спроведување на овие, како и на други задачи, потребно е земјоделските организации да водат постојана грижа за подобрување стручните квалификации

на работниците и обезбедување со висококвалификуван стручен кадар.

Мерките на кредитната политика, за кредитирање на производството на одделни производи, позитивно ќе влијаат врз ефикасноста на вложувањата, структурата на производството, проширувањето на површините во општествениот сектор, кооперациите и интеграциите. Проширувањето на интеграциите помеѓу индустриските, трговските и земјоделските организации се очекува да има знатно влијание врз насоките на производството и сигурноста на пласманот.

Порастот на производството во приватниот сектор се засновува на: покачувањето на продажните цени на земјоделските производи, проширување кооперацијата на индивидуалните производители со земјоделските организации и подоследно спроведување на Законот за искористување на земјата.

Потфрлувањето на есенската сеидба во 1962 година, поради неповолните климатски прилики и поплави, бара засилени напори и обемни и ефикасни мерки тоа да се надомести во спроведувањето на пролетната сеидба. Во врска со ова треба да се очекува во 1963 година познатна измена на структурата на производството — зголемување на производството на индустриските, градинарските и крмните култури — во што знатно влијание ќе имаат и стимулативните цени за овие производи.

Со средствата на општествените фондови, како и со средствата на земјоделските организации се овозможуваат поинтензивни вложувања за проширување на површините во општествениот сектор, зголемување на механизацијата, зголемување и реконструкција на површините на лозја и овошни градини, бројот на продуктивниот добиток, за локални мелиорации и изградба на детална каналска мрежа во крупните мелиорации и др., со што се создава подобра материјална основа за производство во општествениот сектор и кооперација со индивидуалните производители.

4. Се очекува дека сечата во сите шуми ќе се зголеми за 15,5% во однос на процената за 1962 година. Во рамките на ова производство во општествениот сектор сечата се зголемува за 27% во однос на процената за 1962 година. Напоредно со зголемувањето обемот на сечата во текот на 1963 година се очекува понатамошно подобрување на структурата на шумското производство преку покачување производството на индустриско-техничкото дрво.

За поефикасно остварување на квалитетно шумско производство и интензивирање на шумарството се очекува зголемување на вложувањата за подобрување на опременоста со проширување изградбата на шумски комуникации, згради, набавка на опрема, проширување на плантажни насади и др.

Исто така се смета со продолжување на одгледувачките работи во шумите — мелиорации, пошумување, проредување итн.

5. Интензивните инвестициони вложувања во стопанството и општествениот стандард, а особено во изградба на индустриски капацитети, и во 1963 година поставуваат пред градежништвото обемни задачи. Врз основа на предвидениот волумен и структурата на инвестиционите вложувања, обемот на градежните работи во општествениот сектор треба да порасне за околу 22,5%.

Зголемениот обем на градежните работи во 1963 година треба да се оствари преку знатно поголема изградба на објекти од висока градба, а што се базира на предвидениот обем и структурата на инвестиционите вложувања во изградба на индустриски капацитети. За благовремено и целосно извршување на зголемениот обем на градежните работи, од решавачко значење е во колкава мера ќе се успее да се прошири фронтот на градбата со отпочнувањето на предвидената изградба на нови и реконструкции на постојните објекти во индустријата. Во таа смисла потребно е со соодветни мерки да се обезбеди континуитет на работите за да може градежната оператива да ги изврши потребните подготовки и што порационална организација на градбата.

Треба поодлучно да се спроведува политиката на отстранувањето на поголемите и посложени градби особено во индустријата на специјализирани и опремени поголеми градежни капацитети. Помалите градежни капацитети треба да бидат насочени за изведба на помали градежни објекти и за задоволување на нараснатите потреби за одржување на зградите и други услужни дејности.

Градежните претпријатија, кои располагаат со специјализирана механизација за градба на објекти од нискоградба, треба посмело и поуспешно да ги преземаат објектите од овој вид. Кај овие претпријатија од голема важност е организационо да се подобрат и зајакнат.

При изградбата на објектите од општествениот стандард, а пред сѐ при изградба на станбени објекти, треба поуспешно да се решаваат проблемите за локации, издавање на дозволи за градба и слично. Во станбената изградба треба пошироко да се воведе произведување на станови за пазарот. Со ова би се забрзал знатно процесот на примената на новите и порационални материјали, елементи и конструкции, како и новите методи и системи на градба, специјализација и кооперација на претпријатијата, со цел да се придонесе за позабрзана и поевтина станбена изградба.

6. Очекуваниот пораст на стопанската активност во сите стопански области, како и порастот на личната потрошувачка во 1963 година ќе овозможи пораст на сообраќајните услуги, за околу 7,6%, при тоа во превозите на стоки за околу 8,1%, превозот на патници 7,3% и поштенско-телеграфско-телефонските услуги за околу 8,0%. Во сите сообраќајни гранки се очекува пораст на обемот на сообраќајните услуги.

За извршувањето на предвидениот обем на сообраќајни услуги, извесно подобрување квалитетот на услугите и поцелосно задоволување на побарувачката за сообраќајни услуги, нужно е да се вложат поголеми напори за проширување и подобро искористување на капацитетите. Расположивите средства на сообраќајните стопански организации и средствата од политичко-територијалните единици наменети за развиток на сообраќајот, треба да се насочат во реконструкција и модернизација и проширување на сообраќајните капаци-

ти, при што да се води грижа за нужниот континуитет во долгорочната инвестициона изградба на сообраќајот. При насочувањето на средствата да се води сметка за нивното најбрзо активирање. Во поблиска соработка помеѓу сообраќајните стопански организации и со корисниците на сообраќајните услуги — треба да се обезбеди порамномерен распоред на превозите и користењето на расположивите капацитети во текот на целата година.

7. Остварувањето на предвиденото производство и задачите во областа на потрошувачката наложуваат да се зголеми активноста на трговијата во 1963 година и да се обезбеди подобро и понавремено снабдување на сите потрошувачи. При тоа, развојот на прометот по обем и време треба да се одвива во сообразност со поставените цели за средување на односите на пазарот и стабилизација на цените. Во врска со тоа, потребно е да се зголеми деловната поврзаност помеѓу производните и трговските стопански организации и со тоа да се обезбеди редовен и рамномерен прилив на стока според потребите и барањата на пазарот. Покрај другото, ова ќе придонесе да се избегнат повремените осцилации во понудата и побарувачката кај одделните производи на пазарот и да се отстранат недостатоците, особено по однос на одржувањето и формирањето на залихи во трговијата и производството. Воспоставувањето на складни односи во движењето на стоките и одржување на потребните залихи бара соодветна ориентација и пригодување на кредитната политика на банките во тој правец.

За подобрување на животниот стандард и одржување на трошоците на животот на предвидениот ниво од решавачка важност ќе биде да се зголемат залагањата во подобрувањето на снабденоста на населението со прехранбени производи. Народните одбори одделно треба да се погрижат за создавање на услови за подобра снабденост со прехранбени земјоделски производи, со активен однос и засилување соработката помеѓу производните и трговските стопански организации и проширување на дејноста на стопанските организации, поврзување со поширок пазар, како и инвестициони вложувања во ширењето на трговската мрежа, транспортните капацитети итн.

Според предвиденото производство и обемот на потрошувачката, постојат услови во 1963 година да се зголеми прометот на мало за 12,3% при приближно ист ниво на разликите во цените за услугите во трговијата.

Очекуваниот зголемен промет наложува понатамошни напори и инвестициони вложувања за зголемување и модернизација на продажните и сместувачките капацитети, за окрупнувањето и со тоа и осовременувањето на трговската мрежа, како и за подобрување квалитетот на услугите. За таа цел народните одбори ќе треба и понатаму да вложуваат средства и од своите фондови и да настојуваат проблемите да се решаваат со здружувања на средствата на стопанските организации, со мерките на кредитната политика итн.

За развојот на домашниот туризам потребно е во 1963 година со средствата на стопанските и општествените организации и политичко-територијалните единици и понатаму да се прошируваат капацитетите за сместување и одмор на работните луѓе, децата и младината. Со погодни мерки треба и понатаму да се помагаат сите настојувања за проширување и правилно користење на дневниот, седмичниот и годишниот одмор на работните луѓе. Сè ова ќе придонесе во 1963 година да се зголеми прометот на домашните туристи.

Со унапредување на сообраќајната поврзаност и подигање на материјално-техничката база за туризам во НР Македонија постојат услови иностранскиот туристички промет на ова подрачје да се развива забрзано. За остварување на ова потребно е почнатите туристички објекти наменети првенствено за странски туризам што поскоро да се завршат, а напоредно со тоа да се почне и со изградба на нови и проширување на постојните објекти, што ќе служат за потребите на странскиот туризам. Покрај средствата на политичко-територијалните единици и Републиката, за оваа цел ќе може да се користат и посебните средства на Федерацијата предвидени во Сојузниот буџет. Преку зголемувањето на можностите и подобрените услови за угостителски и туристички услуги, постојат можности странскиот туристички промет да се зголеми за 29,4% во однос на претходната година.

8. Брзото ширење на употребата на разни апарати за домаќинството и други современи средства како што се: превозни средства, електронски средства за врски и забава, за греење, лифтови итн. ги зголемуваат потребите од занаетчиските услуги од нов вид. Давањето на овие услуги навреме и по достапни цени претставува една од важните компоненти за одржувањето на животниот стандард на населението и налага потреба за поусилено проширување на мрежата на услужните работилници и сервиси за одржување на станбениот фонд, апарати за домаќинството и други уреди и машини. За остварување на оваа цел нужни се зголемени вложувања во нови основни средства и модернизација на постојните средства на производството од страна на самите стопански организации од средствата што им се отстапени од придонесот од доходот остварен во минатата година и од фондовите на политичко-територијалните единици. Во оваа смисла е многу значајно поупорно да се работи на отворање и опремување на услужни капацитети. Политичко-територијалните единици треба да посветат посебна грижа за задоволување на потребите на населението во занаетчиските услуги, за која цел, покрај издвојувањето на соодветни средства од своите инвестициони фондови, треба да придонесат и со соодветното оквалификување на кадри и преквалификување на незапослените.

Во напорите за организација на потребен број услужни сервиси, производителите на апарати за домаќинството и широката потрошувачка треба да дадат значителен придонес.

За остварувањето на поголеми услуги, потребно е, во политиката на народните одбори, како и самостојните занаетчии што се занимаваат со услуги, поголема системност и перспективност.

## Глава III

## ИНВЕСТИЦИИ

Вкупните општествени бруто инвестиции во основните фондови, во 1963 година ќе пораснат за околу 23,5% во однос на претходната година. Зголемувањето на инвестициите во основните фондови главно е базирано на знатно поголемата динамика во изградбата на Железарницата во Скопје, како и на поинтензивните вложувања во остварувањето на програмата од средствата на Сојузниот фонд за развој на стопански неразвиените подрачја. Без вложувањата во Железарницата другите инвестиции во основните фондови растат за околу 10%.

Инвестиционата дејност во оваа година главно ќе се одвива во изградбата и довршувањето на веќе започнатите објекти, како и почнувањето интензивна градба на објектите за кои се одобрени заеми. Со оглед на тоа што овој волумен на инвестиционата изградба ќе се остварува врз веќе создадените договорени односи и обезбедените средства, проблемот на остварувањето на инвестициите пред сé се сведува на реализацијата и потрошокот на расположивите средства за веќе утврдената програма и одобрените заеми.

Обезбедувањето на увозната опрема може и понатаму да претставува пречка, а пред сé во реализацијата на средствата од Сојузниот фонд за развој на стопански неразвиените подрачја. Оттаму за решавањето на овој проблем и во 1963 година се наметнува потреба за изнајдување на поеластични и поефикасни решенија и вложување на напори да се изнајдуваат правовремено понудувачи и испорачители на опрема за да се забрза реализацијата на програмата од средствата на овој фонд. Во врска со остварувањето на оваа програма, како и со новите инвестициони иницијативи, потребно е да се води политика за давање предимство на оние објекти што имаат услови за побрзо решавање на проблемите околу набавката на опрема и воопшто нивното поцелосно вклопување во нашето стопанство. Особено е важно што поскоро да се изнајдат решенија за оние објекти за коишто во 1962 година не е одобрена увозна опрема, односно да се изврши преориентација во користењето на ангажираните средства.

Вложувањето во основните фондови во стопанството треба да послужи за побрзо зголемување на производните капацитети во сите стопански области, а особено завршувањето на капацитетите чија изградба е започната во поранешните години. Напоредно со ова ќе биде потребно, инвестициите од фондовите на стопанските организации и општествените инвестициони фондови да се насочуваат кон таква модернизација на производствените процеси која, со измената на асортиманот и снижувањето на трошоците и цените, ќе овозможи ефикасно пригодување на производството на потребите на домашниот и странскиот пазар.

Предвидените вложувања во индустријата во претежен дел се насочени за поинтензивна изградба на Железарницата, за изградба и довршување на поголем број објекти од структурата на гарантираните инвестиции, како и за поинтензивни вложувања во остварувањето на програмата од средствата на Сојузниот фонд за развој на стопански неразвиените подрачја. Во областа на земјоделството предвидените инвестиции се насочени за продолжување градбата на мелиоративните системи, за проширување, уредување и опремување на површините во општествениот сектор, за понатамошно проширување на површините под лозови и овошни насади, како и за други намени, а за кои се веќе одобрени заеми во поранешните години. Земјоделските организации истовремено ќе настојуваат што поцелосно да ги активираат и користат постојните основни средства. Со вложувањето во областа на сообраќајот пред сé ќе се продолжи изградбата на автопатот, ќе се почне градбата на железничката пруга Гостивар- -Охрид, продолжување на започнатиот процес на реконструкција и модернизација во поштанско-телефонско-телеграфскиот сообраќај, како и градба на приклучни патишта на автопатот. Во другите области во стопанството расположивите средства првенствено треба да се насочат за продолжување на започнатиот процес на реконструкцијата и модернизацијата во овие области, како и неопходното зголемување на нивните капацитети.

Во рамките на нестопанските инвестиции треба и понатаму да се настојува расположивите средства повеќе да се користат за изградба на станови, за проширување и понатамошно опремување на комуналните капацитети, како и за изградба и проширување на неопходните објекти во просветата и здравството. Со соодветни мерки на кредитната политика треба да се настојува кон создавање на поповолни услови за финансирање на станбената изградба.

Во 1963 година ќе се вршат покрупни измени во системот на инвестирањето со намалување бројот на намените што ги финансира ОИФ и со зголемување на учеството за оние намени што продолжува да ги финансира. Овие промени имаат далекусежен значај и затоа е нужно Извршниот совет и неговите органи, народните одбори и стопанските организации да ја пригодуваат својата понатамошна инвестициона политика на новата положба.

Со оглед на таквата положба и за поуспешно преземање и решавање на нови и покрупни зафати, како и за поуспешно решавање на проблемот за обезбедување средства за учество, ќе биде нужно пошироко да се испитаат можностите и начините за здружување и мобилизација на расположивите средства на општествените инвестициони фондови на народните одбори и фондовите на стопанските организации. За таа цел ќе биде потребно пошироко да се користат новите методи на здружување и банкарските механизми.

Во спроведувањето на долгорочната утврдена политика за стопанскиот развој на недоволно развиените подрачја во НР Македонија, во 1963 година се продолжува со инвестиционите вложувања од средствата на Републиката. Во политиката на инвестициите од овие средства приоритет треба да

му се даде на завршувањето и пуштањето во погон на објектите чија изградба почнала во претходните години, како и објектите за кои се одобрени заеми од средствата на овој фонд.

## Глава IV

## ИЗВОЗ

Проблемите на платниот биланс на земјата и потребата да се обезбеди поголема количина суровини и репродукциони материјали, потребата југословенското стопанство поинтензивно да се вклучи во светската поделба на трудот, како од аспектот на остварувањето на одреден удел во извозот и увозот на стоките, така и од аспектот на остварувањето на соодветен ниво на продуктивноста на трудот, налагаат да се води постојана борба за зголемување на извозот, особено на производи од повисока фаза на преработка. Заради тоа покрај мерките што Федерацијата ќе ги донесе за подобрување на условите за зголемување на извозот ќе биде нужно и републичките органи, народните одбори и стопанските организации да преземат, исто така, и посебни мерки за зголемување на извозот.

За таа цел треба да се обезбеди, покрај другото, и зголемување на банкарските кредити за основни и обртни средства на стопанските организации, да може да се зголеми производството наменето за извоз.

Напорите на стопанските организации во зголемувањето на извозот се дотолку поважни, што ќе овозможат и понатамошно зголемување на производството, како и обезбедување на девизи за купување на репродукциони материјали со примена на начелото девизните средства за таа цел да се обезбедуваат првенствено преку сопствениот извоз.

Предвиденото зголемување на производството во услови на поволен развој на економските односи со странство дава можност и извозот од НРМ во 1963 година да се зголеми за 12,9% во однос на претходната година, што е повисоко од стопата на порастот на општествениот производ.

Предвиденото зголемување на извозот повисоко остварениот пораст во 1962 година претставува обемна, но реална задача пред стопанските организации. Во врска со тоа, надлежните органи на Републиката, Стопанската комора и народните одбори ќе треба да го зголемат своето содејствие и преку меѓусебната координација да придонесат во остварувањето на мерките и економската политика, како во областа на производството и надворешниот стоковен промет, така и во инвестиционата изградба, надворешниот режим и др.

Покрај тоа, остварувањето на поставените задачи во извозот, во услови на постојните интеграциони движења надвор од нашата земја и заострена конкуренција на надворешниот пазар, наложува стопанските организации да ги зголемат своите напори во правец на намалување на трошоците на производството, подобрување на квалитетот и зголемување на асортиманот според потребите на странскиот пазар.

Зголемувањето на извозот во 1963 година ќе влијае врз зголемувањето на активноста во сите стопански области на нашето подрачје, а од друга страна ќе придонесе и за подобрување на платниот биланс во земјата.

## Глава V

## ЛИЧНА ПОТРОШУВАЧКА

Со предвидениот пораст на производството и продуктивноста на трудот во 1963 година постојат услови за зголемување на реалната лична потрошувачка и општествениот стандард. Според можниот пораст на расположивите средства постојат услови да се зголемат вкупните и номиналните лични доходи за 12,1%, што е во согласност со предвидениот пораст на општествениот производ во 1963 година.

Со предвидениот вкупен пораст на личните доходи во стопанството треба да се обезбеди зголемување на просечните лични доходи на запослените, како и личните доходи на новозапослените. Номиналното зголемување на просечните лични доходи по еден запослен би требало да изнесува 8,1%. Во 1963 година треба да се настојува да се спроведе политика на стабилизирање на постојното ниво на цените во целото стопанство, а одделно во подрачјето на личната потрошувачка. Сепак се очекува, со оглед на стокопаричните односи, дека и во идната година ќе дојдат до израз долгорочните тенденции во движењето на цените. Поради тоа во 1963 година би можело да се очекува извесен благ пораст на трошоците за живот, во прв ред поради зголемените цени на услугите, како и порастот на цените кај некои групи земјоделски производи. Ако се земе во обзир зголемувањето на трошоците за живот, тогаш реалниот пораст на просечните лични доходи во стопанството по еден запослен би изнесувал околу 5,5%.

Во минатите години реалниот пораст на личната потрошувачка беше успоруван главно поради порастот на цените на некои земјоделски производи. Затоа е нужно да се преземат мерки што ќе бидат насочени кон обезбедување на поповолни услови во снабдувањето со прехранбените производи, пополно и рамномерно снабдување на пазарот и стабилизација на цените.

Остварувањето на предвидените пропорции во порастот на реалната лична потрошувачка е зависно од остварувањето на предвиденото производство и продуктивноста на трудот. Предвиденото зголемување на реалните лични доходи претставува минимална задача што треба да се оствари. Доколку стопанските движења ќе се одвиваат поповолно, ќе се создадат и услови за поголем пораст на реалните лични доходи,а во согласност со порастот на продуктивноста и производството.

Номиналното и реалното зголемување на просечните лични доходи во нестопанските дејности е предвидено во приближни сразмери како и зголемувањето во стопанството.

Порастот на вкупниот фонд на пензиите и инвалиднините во идната година ќе изнесува номинално околу 27%.

Тргнувајќи од очекуваните поволни услови за зголемување на производството во приватниот сек-

тор на стопанството, постојат услови во 1963 година за зголемување на реалната лична потрошувачка и кај индивидуалните земјоделци и занаетчии.

Како резултат на очекуваната стопанска активност и материјалните движења на пазарот, постојат можности во 1963 година, вкупната реална лична потрошувачка да се зголеми за 7,8%.

## Глава VI

## ЗАПОСЛЕНОСТ

Врз база на предвидениот пораст на производството и услугите се цени дека запосленоста ќе се зголеми за 5,7% во 1963 година. При тоа е сметано да се оствари рационално работење и економична употреба на расположивите средства и работниот фонд од страна на стопанските организации.

Уште во текот на 1962 година стопанските организации настојувале да отстрануваат извесни непродуктивни работни места, за подобрување организацијата на работата искористување на постојната работна сила и смалување бројот нови запослувања. Оваа политика треба поинтензивно да продолжи и во 1963 година.

Со оглед на порастот на вкупното население во градовите и бројот на младината што пристига по завршената школска спрема во стопанството, а со оглед на фактот дека дел од селското население всушност бара дополнителни а не основни приходи, стопанските организации, надлежните органи, како и другите заинтересирани организации, треба да водат активна политика за планско запослување на одделни категории активно население. Сето ова треба да биде во сообразност со самото производство и побрзото зголемување продуктивноста на трудот.

Поради се поинтензивното барање за запослување при еднакви услови во поглед на стручноста, треба да се води сметка да се запослуваат и оние лица кои немаат други приходи за живот. Исто така, при запослувањето треба да се води грижа и за решавање на проблемот што искрснува со приливот на нова работна сила во градовите.

За таа цел народните одбори треба да водат поефикасна политика за изнајдување на дополнителни можности за запослување во услужното занаетчиство, во приградските населби, за подобрување на снабдувањето на населението со земјоделски производи итн.

Стопанството, со оглед на достигнатиот степен на развиток има потреба од сѐ поголем број стручно оспособени работници за одделни видови работа. Од тој аспект посебно значење и важност треба да му се даде на спроведувањето на мерките за стручно оспособување на работниците.

За успешно спроведување политиката на запослувањето во 1963 година, од решавачка важност и влијание ќе биде политиката на комуналните заедници, соработката и координацијата помеѓу заводите за запослување и одделните политичко-територијални единици, како и ангажирањето и помошта на синдикалните и другите општествено политички организации.

## Глава VII

## ПРОДУКТИВНОСТ НА ТРУДОТ

Предвидениот темпо на порастот на производството и запослените, предизвикува понатамошен пораст на продуктивноста на тудот. Во 1963 година продуктивноста на трудот во вкупното стопанство ќе порасне за 5,5%.

Ваков пораст на продуктивноста на трудот ќе може да се оствари со примената на современи технички и технолошки достигнувања во производството, како и врз база на стимулативните мерки на стопанскиот систем. Во таа смисла стопанските организации треба да настојуваат да ја усовршуваат организацијата на работата, да ги модернизираат капацитетите и да воведуваат нови технолошки постапки за да можат да ги задоволат потребите на пазарот и да станат конкурентно способни на странските пазари. За да се постигне ова, инвестиционата политика во 1963 година треба да биде насочена првенствено кон модернизација и реконструкција на постојните капацитети како и кон воведување на современа технологија и организација на работа.

Стопанските организации треба да ја поттикнуваат научноистражувачката работа, како и да соработуваат со организациите што се занимаваат со таква дејност. Ова укажува на потребата дека стопанските организации треба што повеќе да финансираат во оваа дејност. Такво ангажирање на стопанските организации ќе придонесе за поквалитетно производство и поголема продуктивност на трудот.

Врз подигањето на продуктивноста на трудот посебно влијание ќе има натамошното усовршување на системот на распределбата помеѓу стопанските организации и заедницата, како и внатрешна расподелба на доходот, при што треба да се настојува да се елиминираат оние елементи што го отежнуваат дејството, системот да дојде до полн израз. И понатаму треба да се настојува системот на расподелбата да се врши врз принципот на расподелбата на личните доходи, според трудот. Заради тоа ќе треба да се мобилизираат сите општествено политички органи и организации за да се остварат набележените цели и задачи.

За подигање на продуктивноста на трудот треба поинтензивно да се решава проблемот на стручните кадри. За таа цел ќе треба со стимулативни мерки со наградувањето да се привлекува во стопанските организации поголем број стручни кадри.

## Глава VIII

## СТОПАНСКИ ЗАОСТАНАТИ ПОДРАЧЈА

Во рамките на стопанската активност што ќе се остварува во 1963 година ќе се вложуваат напори да се интензивира остварувањето на програмата за забрзување развојот на стопански заостанатите подрачја.

За продолжување градбата на започнатите објекти во неразвиените комуни во 1963 година се предвидува да бидат инвестирани околу 2,5 милијарди динари.

При тоа и во 1963 година треба да се смета со извесни потешкотии што се јавуваат во оваа година при остварувањето на програмата во врска со набавката и плаќањето на увозната опрема. Во таа смисла потребно е да се вложат напори за позабрзано ефектуирање на инвестиционите вложувања во овие подрачја.

Органите на Извршниот совет на Републиката и на народните одбори на околиите ќе треба да им укажат стручна и техничка помош на заостанатите подрачја за поефикасно остварување на предвидената програма за забрзување на нивниот развиток.

## Глава IX

## БУЏЕТСКИ ФОНДОВИ И ОПШТА ПОТРОШУВАЧКА

1. Во областа на буџетската потрошувачка се предвидува вкупен пораст на материјалните расходи за околу 7%, додека вкупниот пораст на личните расходи би изнесувал околу 10%.

Според тоа, вкупното позголемување на буџетската потрошувачка треба да се движи во рамките од околу 9%, односно со поуспорен темпо на порастот во однос на поранешните години.

2. Во рамките на предвидениот пораст на материјалните расходи треба да се обезбеди покривање на обврските пренесени од Федерацијата на Народната Република и народните одбори.

3. Во рамките на предвидениот пораст на буџетската потрошувачка треба да се движи и другата општа потрошувачка и да се обезбеди рационално користење и штедење на средствата.

4. Расходите на социјалното осигурување треба да се движат во рамките на предвидените приходи. При тоа треба да се настојува да се обезбеди поквалитетно задоволување потребите на осигурениците, со порационално користење на расположивите средства, максимално штедење и елиминирање на неоправданите расходи. Ова треба да се обезбеди со поголема активност на самоуправните органи на социјалното осигурување и превземањето соодветни мерки од страна на сите заинтересирани органи на ниво на комуна и Републиката.

## ДЕЛ ТРЕТИ

## МЕРКИ И ПРЕПОРАКИ

## Глава X

## РЕПУБЛИЧКИ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД

1

1. Средствата на Републичкиот инвестиционен фонд се фирмираат од:

— приходите што по сојузните прописи за општествените инвестициони фондови и други прописи му припаѓаат на Републичкиот инвестиционен фонд;

— ануитети по заеми од Општиот инвестиционен фонд, одобрени до крајот на 1960 година;

— ануитети по заеми дадени од Републичкиот инвестиционен фонд;

— други разни приходи.

2. Средствата на Републичкиот инвестиционен фонд кои се формираат во 1963 година, ќе се употребат:

А) За инвестиции во основни средства во поодделни области и за други намени 10,300 милиони динари и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Во индустријата и рударството | 3.600 | мил. дин. |
| 2. Во земјоделството | 2.000 | " |
| 3. Во шумарството | 400 | " |
| 4. Во градежништвото | 200 | " |
| 5. Во сообраќајот | 1.300 | " |
| 6. Во трговијата и угостителството | 200 | " |
| 7. Во занаетчиството | 200 | " |
| 8. На Републичкиот фонд за нестопански инвестиции | 1.300 | " |
| 9. Друго | 900 | " |

Б) За давање заеми за обртни средства 2.500 милиони динари.

Ц) За задолжителна резерва и друго 1.200 милиони динари.

3. Предвидените средства од претходната точка Стопанската банка на НР Македонија ќе ги употреби:

— за извршување на обврските по порано вклучените заеми.

— за одобрување на нови заеми за реконструкција и изградба на нови објекти, кои се во согласност и обезбедуваат извршување на задачите поставени со Сојузниот и Републичкиот општествен план за оваа година.

— за учество во користењето на заеми од средствата на Општиот инвестиционен фонд и Сојузниот фонд за развој на стопански неразвиените подрачја.

4. Средствата од заемите на Општиот инвестиционен фонд наменети за развој на стопански неразвиените подрачја, Стопанската банка на НР Македонија ќе ја употреби за инвестиции во основните фондови.

Се овластува Извршниот совет на Народна Република Македонија да изврши расподелба и намена на овие средства во согласност со програмата за нивното користење.

5. Во рамките на предвидените средства за поодделните области, Стопанската банка на НР Македонија првенствено ќе ги користи:

— во индустријата и рударството за учество во користењето на средствата од Сојузниот фонд за развој на стопански неразвиените подрачја и од Општиот инвестиционен фонд за одобрување заеми за реконструкција и изградба на нови објекти, кои ќе овозможат ефикасно пригодување на производството кон потребите на домашниот и странскиот пазар и друго;

— во земјоделството за учество во користењето на заеми од средствата на Општиот инвестиционен фонд за подигање на насади, за помали мелиорации и за други намени;

— во шумарството за изградба на шумски комуникации, за плантажи, за регенерации и др.;

— во градежништвото за набавка докомплетирање на градежната механизација;

— во сообраќајот за реконструкција и модернизација на приклучни патишта кон автопатот, за учество на инвестициите во ПТТ сообраќајот и друго.

Во рамките на предвидените средства во сообраќајот се овластува Извршниот совет на НРМ да изврши распоред на поодделните намени и да го одреди начинот и условите за користење на тие средства:

— во трговијата, угостителството и туризмот за финансирање изградбата на започнатите објекти и објектите за кои се одобрени заеми од средствата на овој фонд, за учество за користењето на заеми од средствата на Специјалниот фонд и за нови заеми во висина на слободните средства;

— во занаетчиството за учество во инвестициите што се финансираат од средствата на народните одбори и стопанските организации наменети за изградба и проширување на капацитетите за услугите во домаќинството и градежништвото;

— во рамките на Републичкиот фонд за нестопански инвестиции за учество во користењето на сојузните средства за изградба и опремување на факултетите и проширување на телевизиската мрежа; за изградба на објекти во здравството, за изградба на определени капацитети во областа на културата и фискултурата определени со Општествениот план за стопанскиот развиток на НР Македонија од 1961 до 1965 година. До висина од 100 милиони динари, фондот ќе ги финансира инвестиционите работи во националните паркови, пошумувањето, унапредувањето на ловот и др.

6. За финансирање на инвестициите во стопански неразвиените комуни предвидени со Петгодишниот план од средствата на Републичкиот инвестиционен фонд и средствата на Сојузниот фонд за развој на стопански неразвиените подрачја во 1963 година се предвидуваат да се инвестираат околу 2.500 милиони динари со претежна намена за довршување и изградба на објекти, проширување и реконструкции и во индустријата.

7. За инвестициони заеми што се одобруваат за објектите од точка 6, корисниците на заемите не се задолжени да го полагаат пропишаното учество во трошоците на инвестициите и потребните средства за гарантни износи. Пропишаното учество и гарантните износи ги обезбедува Републичкиот инвестиционен фонд.

8. Се овластува Извршниот совет да ја изврши расподелбата на средствата предвидени за културно-социјална дејност и да го определи начинот на користење на средствата.

9. Средствата предвидени во точка 2 под А), одредба 9, Стопанската банка на НР Македонија ќе ги употреби за оние намени што ќе ги утврди Извршниот совет на НР Македонија.

Исто така се овластува Извршниот совет да може да ги користи и распореди за извонредни потреби и средствата предвидени во точка 2 под Ц) освен средствата на задолжителната резерва, во смисла на одредбите на Сојузниот општествен план за 1963 година.

10. Се овластува Извршниот совет да ги пропише и утврди поблиску условите и начинот за доделување и употреба на средствата од овој фонд.

2.

РЕПУБЛИЧКИ ФОНД ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА

1. Средствата на Републичкиот фонд за станбена изградба се формираат според постојните прописи.

2. Републичкиот фонд за станбена изградба учествува во приходите на општинските фондови за станбена изградба од придонесот за станбена изградба со 20%.

## Глава XI

## ПОСЕБНА ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕЗЕРВА

1. Во смисла на одредбите на Сојузниот општествен план за 1963 година и член 5а на Законот за установување на задолжителните резерви на фондовите, се воведува посебна задолжителна резерва на Републиката.

Посебната задолжителна резерва на Републиката во 1963 година изнесува 5% од основицата пропишана со Законот за установување на задолжителните резерви на фондовите.

Општествените фондови за школство, фондовите за станбена изградба, Републичкиот инвестиционен фонд и посебните општествени фондови во 1963 година не установуваат посебна задолжителна резерва на Републиката.

2. Согласно одредбите на точка 11, глава XIV од Сојузниот општествен план за 1963 година се воведува посебна задолжителна резерва на комуналните банки при Стопанската банка на НРМ во висина на 5% од износот на средствата на комуналните банки.

Посебната задолжителна резерва од претходниот став ќе се пресметува од истата основица од која се пресметува задолжителната резерва на комуналните банки при Народната банка на ФНРЈ.

3. Средствата на посебната задолжителна резерва на фондовите издвоени во 1962 година по републички прописи се ослободуваат и можат да се користат во 1963 година.

4. Средствата на посебната задолжителна резерва образувани по одредбите на точка 1 и 2 од оваа Глава, Стопанската банка на НРМ ќе ги користи за кредитирање на обртните средства во стопанството, преку преливање и насочување на средствата на подрачјето на Републиката а со цел да се постигне извршување на задачите поставени со Републичкиот општествен план.

## Глава XII

## РЕПУБЛИЧКИ БУЏЕТ

Вкупните расходи на буџетот на Републиката за 1963 година изнесуваат 13.576 милиони динари.

Од вкупните републички приходи, на Републичкиот буџет му припаѓаат:

1. 66,95% од Републичкото учество во заедничките приходи, по одбиток 3% од делот на придонесот на буџетите од личните доходи;

2. 66,95% од сојузната дотација на буџетот, по одбиток на износот на дотациите што Републиката им ги дава на народните одбори;

3. Други приходи предвидени со Републичкиот буџет.

Буџетската резерва на Републичкиот буџет изнесува 357 милиони динари.

Глава XIII

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој општествен план важи од 1 јануари 1963 година.

---

**16.**

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТОТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1963 ГОДИНА

На основа член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија се прогласува Законот за буџетот на Народна Република Македонија за 1963 година, што Народното собрание на Народна Република Македонија го усвои на седницата на Републичкиот собор, одржана на 1 февруари 1963 година и на седницата на Соборот на производителите, одржана на 1 февруари 1963 година.

У бр. 2
1 февруари 1963 година
Скопје

| Претседател на Народното собрание, | Претседател на Извршниот совет, |
|---|---|
| **Љупчо Арсов**, с. р. | **Александар Грличков**, с. р. |

## ЗАКОН
## ЗА БУЏЕТОТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1963 ГОДИНА

Член 1

Буџетот на Народна Република Македонија (Републички буџет) за 1963 година содржи:

| | |
|---|---|
| ПРИХОДИ | Динари 6.634,760.000 |
| РАСХОДИ | Динари 17.604,760.000 |
| ВИШОК НА РАСХОДИ | Динари 10.970,000.000 |

Член 2

Вишокот на расходите над приходите по Републичкиот буџет се покрива со дотација предвидена во Сојузниот буџет за 1963 година.

Член 3

Назначување на нови службеници во републичките органи и установи може да се врши само во рамките на средствата предвидени за таа цел во Раздел 36, партија 166.

Средствата од претходниот став ќе се користат на начин што ќе го одреди Извршниот совет односно органот што тој ќе го овласти.

Член 4

Средствата предвидени во претсметките на републичките органи за хонорари и прекувремена работа не можат да бидат зголемувани за сметка на средствата предвидени за плати и додатоци.

Член 5

Средствата што остануваат во претсметките на органите и установите при пресметувањето на примањата на службениците и работниците според одредбите од Законот за здравствено осигурување во полза на партиите за лични расходи, органот може да ги користи за наградување на своите службеници и за давање надоместок за прекувремена работа.

Член 6

Со заштедите во средствата по претсметките во републичките органи наменети за плати и додатоци што се резултат на трајно смалување на постојниот број службеници на 1. I. 1963 година, заради подобра организација во работата, можат да се користат за зголемување платите на службениците во републичките органи на начин што ќе го утврди Извршниот совет.

Член 7

Средствата предвидени во Дел 3, Раздел 21, партија 118 можат да се користат врз основа на писмени договори, што во име на Републиката ги склучува Советот за народно здравје.

Член 8

Со средствата предвидени во Дел 8 — Дотации, 31 Раздел — Дотации во стопанството, партија 151, 152 и 156, Раздел 32 — Дотации на самостојните установи, партија 157—162, Раздел 33 — Дотации на општествените организации, партија 163 и Раздел 34 — Дотации на народните одбори, партија 164, ќе располага Секретаријатот за републички буџет и општа управа.

Член 9

Со средствата предвидени во Дел 8 — Дотации, Раздел 31 — Дотации во стопанството, партија 153 за унапредување на земјоделството и во партија 154 за унапредување на водостопанството, ќе располага Секретаријатот за земјоделство и шумарство врз основа на програма што ја донесува Извршниот совет.

Член 10

Со средствата предвидени во Дел 8 — Дотации, Раздел 31 дотации во стопанството, партија 155 средства за унапредување на организацијата на стопанските организации и проблемите на продуктивноста на трудот, ќе располага Секретаријатот за индустрија, врз основа на програма што ја одобрува Извршниот совет.

Програмата од претходниот став ја утврдува Секретаријатот за индустрија во согласност со Секретаријатот за труд.

Член 11

Со средствата предвидени во Дел 9 — Обврски по заеми и гаранции, Раздел 35, партија 165 надоместок за неправилно одземени имоти на колонистите, ќе располага Државниот секретаријат за работите на финансиите.

# ПРЕГЛЕД

**на приходите и расходите по буџетот на Народна Република Македонија (Републички буџет) за 1963 година**

## ПРИХОДИ

| | |
|---|---|
| I Заеднички приходи | |
| — Дел на придонесот на буџетите од личниот доход | 4.384,800.000 |
| — Данок на доход | 519,400.000 |
| — Општински локален данок на приходите од земјоделството | 459,200.000 |
| — Општински данок на промет | 471,800.000 |
| — Данок на промет што го плаќаат граѓаните и граѓанско правните лица | 115,920.000 |
| — Административни такси | 89,600.000 |
| II Судски такси | |
| — Судски такси | 250,560.000 |
| III Приходи од органите и установите и останатите приходи | |
| — Републички органи и установи | 25,160.000 |
| — Останати разни приходи | 34,840.000 |
| IV Пренесени средства | |
| — Вишок на приходите по завршната сметка на буџетот за 1962 г. | 33,480.000 |
| — Средства на одделната буџетска резерва од 1962 година ослободени за потрошу- [illegible]ч[illegible] | [illegible]0,000.000 |
| V Дотација | |
| — Дотација | 10.970,000.000 |
| Вкупно приходи: | 17.604,760.000 |
| Се одбива: | |
| — 3% од делот на придонесот за буџетите од личниот доход што му припаѓа на НР Македонија во полза на Републичкиот општествен фонд за финансирање на школството | 131,544.000 |
| — 10% задолжителна резерва според одредбите на Сојузниот општествен план за 1963 год. | 289,600.000 |
| — 33,05% учество на републичките фондови во заедничките приходи — дел за Републичкиот буџет и во дотацијата што му припаѓа на Републичкиот буџет | 3.607,215.000 |
| ПРИХОДИ: | 13.576,401.000 |

## РАСХОДИ

| | |
|---|---|
| I Расходи на републичките органи и установи | |
| — Лични расходи | 3.382,425.000 |
| — Оперативни расходи | 763,312.000 |
| — Функционални расходи | 900,331.000 |
| II Илинденски пензии | |
| — Илинденски пензии | 56,932.000 |
| III Дотации | |
| — за одделни намени во стопанството | 492,800.000 |
| — за самостојните установи | 727,525.000 |
| — за општествените и други организации | 633,240.000 |
| — за околиите | 6.213,000.000 |
| IV Обврски по зајмови и гаранции | |
| — Надоместок за неправилно одземени имоти на колонистите | 50,000.000 |
| V Обврски по буџетот и буџетска резерва | |
| — за недоволно предвидени и непредвидени расходи и обврски од претходните години | 356,836.000 |
| РАСХОДИ: | 13.576,401.000 |

Член 12

Во 1963 година Републичките фондови ќе учествуваат во заедничките приходи — дел за Републичкиот буџет и во дотацијата што му припаѓа на Републичкиот буџет и тоа:

| | |
|---|---|
| — Републички општествен фонд за финансирање на школството со | 15,52 |
| — Републички фонд за патишта со | 6,22 |
| — Републички фонд за стипендии со | 0,33 |
| — Републички фонд за наградување „11 Октомври" со | 0,04 |
| — Републички фонд за научни работи со | 2,24 |
| — Републички фонд за истражувачки работи со | 1,37 |
| — Републички фонд за нестопански инвестиции со | 5,85 |
| — Републички фонд за издавачка дејност со | 0,66 |
| — Републички фонд за културни дејности со | 0,81 |

Член 13

Ако поодделни органи на републичката управа добијат, во текот на годината, статус на самостојна установа, Извршниот совет ќе одреди дали средствата предвидени во претсметката на органот, чиј статус е променет, ќе бидат користени врз основа на договор за вршење на одредени дејности или како дотација.

Член 14

Извршниот совет може да пропише одделен начин за користење на средствата наменети за лични расходи. Со тој пропис може да се предвидат отстапувања од важечките сојузни прописи, освен од прописите што се однесуваат на основната и положајната плата.

Член 15

Извршниот совет може да презема мерки за штедење на буџетските средства и во случај на промени во организацијата на републичката управа да ја измени висината и намената на средствата предвидени во буџетот.

Актите од претходниот став подлежат на дополнителна согласност на Народното собрание.

Член 16

Овој закон влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1963 година.

---

17.

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ УЧЕСТВОТО НА ОКОЛИИТЕ И ОПШТИНИТЕ ВО ЗАЕДНИЧКИТЕ ПРИХОДИ И ВИСИНАТА НА ДОТАЦИИТЕ НА ОКОЛИИТЕ

На основа член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за утврдување учеството на околиите и општините во заедничките приходи и висината на дотациите на околиите, што Народното собрание на Народна Република Македонија го усвои на седницата на Републичкиот собор, одржана на 1 февруари 1963 година и на седницата на Соборот на производителите, одржана на 1 февруари 1963 година.

У бр. 3
1 февруари 1963 година
Скопје

Претседател
на Народното собрание,
**Љупчо Арсов**, с. р.

Претседател
на Извршниот совет,
**Александар Грличков**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ УЧЕСТВОТО НА ОКОЛИИТЕ И ОПШТИНИТЕ ВО ЗАЕДНИЧКИТЕ ПРИХОДИ И ВИСИНАТА НА ДОТАЦИИТЕ НА ОКОЛИИТЕ

Член 1

Во Законот за утврдување учеството на околиите и општините во заедничките приходи и висината на дотациите на околиите („Службен весник на Народна Република Македонија" бр. 43/59 и 5/62) член 1 став 1 се менува и гласи:

„Околиите учествуваат со 60% во заедничките приходи што се остварени на нивните подрачја".

Член 2

Член 3 се менува и гласи:

„За покривање на буџетските расходи на околиите им се одредува дотација од средствата на Републиката и тоа:

(Во милиони динари)

| | |
|---|---|
| на Битолска околија | 1.280 |
| на Кумановска околија | 764 |
| на Охридска околија | 1.070 |
| на Тетовска околија | 740 |
| на Титоввелешка околија | 700 |
| на Штипска околија | 1.159 |

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1963 година.

---

18.

На основа член 88 став 2 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување, Народното собрание на седницата на Републичкиот собор одржана на 1 февруари 1963 година и на седницата на Соборот на производителите одржана на 1 февруари 1963 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА НАЈВИСОКАТА ГРАНИЦА НА ОСНОВНИОТ ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1963 ГОДИНА

I

Највисока граница до која собранијата на комуналните заедници можат да ја определат нормата на основниот придонес за здравствено осигу-

рување за 1963 година се утврдува на 9,0% од бруто износот на личните доходи на работниците

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1963 година.

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 160
1 февруари 1963 година
Скопје

Претседател
на Народното собрание,
**Љупчо Арсов,** с. р.

Претседател
на Соборот
на производителите,
**Борко Темелковски,** с. р.

Претседател
на Републичкиот собор,
**Киро Георгиевски,** с. р.

**19.**

На основа член 77 став 1, член 78 став 1 алинеја 1 и член 49 став 3 од Законот за судовите, како и член 27 став 2 и член 30 став 3 од Законот за стопанските судови.

Народното собрание на Народна Република Македонија на Триесетипеттата заедничка седница на Републичкиот собор и Соборот на производителите, одржана на 1 февруари 1963 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА СУДИИ

I Се разрешува од должноста по негово барање:

1. ГЕОРГИЕВСКИ М. СТЕФАН, досегашен судија на Окружниот суд во Скопје.

II. Се избираат:

1. За претседател на Окружниот стопански суд во Штип Денков Б. Александар, правник од Штип;

2. За судија на Окружниот суд во Куманово Атанасовски П. Ѓоко, правник во Секретаријатот за внатрешни работи на Околискиот народен одбор — Куманово; и

3. За судија на Окружниот суд во Охрид Зафировски М. Панде, досегашен судија на Околискиот суд во Охрид.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Народна Република Македонија“

НАРОДНО СОБРАНИЕ
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 159
1 февруари 1963 год.
Скопје

Претседател
на Народото собрание,
**Љупчо Арсов,** с.р.

**Конкурсната комисија на Комуналниот завод за социјално осигурување Прилеп**

**распишува**

## КОНКУРС

за пополнување на работното место директор на Комуналниот завод за социјално осигурување — Прилеп

УСЛОВИ:

1. Со висока школска спрема, т.е. завршен правни или економски факултет и 5 години раководна служба, или со висока стручна спрема и 8 години на раководна служба.

2. Со виша школска спрема, т.е. завршена виша управна школа или виша социјална школа, односно виша економска и 6 години раководна служба или со виша стручна спрема и 10 години раководна служба.

Плата спрема Правилникот за распределба на личниот доход на работниците во Комуналниот завод за социјално осигурување Прилеп.

Рок за поднесување на молби до 11. II. 1963 година, во колку не се пополни до определениот рок истиот продолжува се до неговото пополнување.

Заинтересираните кандидати за информација можат да се јават во Комуналниот завод за социјално осигурување од 7 до 14 саатот.

Број 02-695 од 28-I-1963 година. (88)

**СОДРЖИНА**

Страна

15. Указ за прогласување на Општествениот план за стопанскиот развиток на Народна Република Македонија за 1963 година — 49
Општествен план за стопанскиот развиток на Народна Република Македонија за 1963 година — — — — — — — — — — 49
16. Указ за прогласување на Законот за буџетот на Народна Република Македонија за 1963 година — — — — — — — — — 61
Закон за буџетот на Народна Република Македонија за 1963 година — — — — 61
17. Указ за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за утврдување учеството на околиите и општините во заедничките приходи и висината на дотациите на околиите — — — — — — 63
Закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување учеството на околиите и општините во заедничките приходи и висината на дотациите на околиите — 63
18. Одлука за највисоката граница на основниот придонес за здравствено осигурување за 1963 година — — — — — — — — 63
19. Одлука за разрешување и избор на судии 64

Издавач: „Службен весник на НРМ“ — новинско-издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември“ бр. 10. Пошт. фах. 51. Тел. 19-86. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 802—11/1—696 при Народната банка — Скопје Графички завод „Гоце Делчев“ (1433) — Скопје.